АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО
ЗА СТОПАНИСУВАЊЕ
СО ДЕЛОВЕН ПРОСТОР ВО
ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ - СКОПЈЕ

SHOQËRIA AKSIONARE
E MENAXHIMIT
TË HAPËSIRAVE AFARISTE
NË PRONËSI SHTETËRORE - SHKUP

Акционерско друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост
Shoqëria Aksionare e Menaxhimit të Hapësirave Afariste në Pronësi Shtetërore
Бр.-Nr. 05-1206/13
22-05-2024 20__ год.-vite
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 114 став 1 алинеја 2 од Законот за јавни набавки („Сл. весник на Република Македонија" бр.24/2019 член 25 од Статутот на АД за стопанисување со деловен простор во државна сопственост Скопје, по оглас за доделување на Договор за јавна набавка бр.**07301/2024** за Набавка на течни горива врз основа на Записник од отворање на понуди бр.05-1206/6 од 15.05.2024 г. ,Извештај од спроведена постапка бр.05-1206/11 од 17.05.2024 г од Комисијата за јавни набавки на АД за стопанисување со деловен простор во државна сопственост, Директорот на Друштвото донесе:

# О Д Л У К А

**за поништување на Дел 2, за** Набавка на моторни бензини (ЕУРОСУПЕР БС-95 И ЕУРОСУПЕР БС-98) И ДИЗЕЛ ГОРИВО(ЕУРОДИЗЕЛ БС-(D-E-V) за патнички моторни возила во Куманово, **Дел 5** за патнички моторни возила во Битола; **Дел 6** за патнички моторни возила во Охрид(Струга); **Дел 7** за патнички моторни возила во Штип; **Дел 8** за патнички моторни возила во Струмица; **Дел 9** за патнички моторни возила во Велес, **Дел 10** за патнички моторни возила во Кавадарци(Неготино); **Дел 11** за патнички моторни возила во Тетово **и за Дел 12**-Набавка на екстра лесно масло за домаќинство во Битола.

**СЕ ПОНИШТУВА постапката за дел 2,5,6,7,8,9,10,11** -Набавка на моторни бензини(ЕУРОСУПЕР БС-95 И ЕУРОСУПЕР БС-98) И ДИЗЕЛ ГОРИВО(ЕУРОДИЗЕЛ БС-(D-E-V) и за **ДЕЛ 12- набавка на екстра лесно масло за домаќинство во Битола** за доделување на договор за јавна набавка со примена на поедноставена отворена постапка со електронска аукција за **Набавка на течни горива** согласно член 114 став 1 алинеја 2 од ЗЈН (**не е поднесена ниту една понуда или ниту една прифатлива понуда**) .

Одлуката стапува во сила од денот на нејзиното донесување.

## Образложение

По завршување на огласот за јавна набавка бр. **07301/2024** за Набавка на течни горива, во Записникот од отварање на понуди бр.**05-1206/6 од 15.05.2024**. г. ,Извештај од спроведена постапка бр. Извештај од спроведена постапка бр.05-1206/11 од 17.05.2024 г од страна на Комисијата за јавни набавки е констатирано дека за Дел **2,5,6,7,8,9,10,и11** за Набавка на моторни бензини (ЕУРОСУПЕР БС-95 И ЕУРОСУПЕР БС-98) И ДИЗЕЛ ГОРИВО(ЕУРОДИЗЕЛ БС-(D-E-V)) за патнички моторни возила во Куманово, Битола, Охрид(Струга), Штип, Струмица, Велес, Кавадарци(Неготино) и Тетово. **не е понесена ниту една понуда, а за дел 12 набавка на екстра лесно масло за домаќинство во Битола** единствената поднесена понуда е некомплетна, со што истата е неприфатлива.

Врз основа на погоре наведено се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука, согласно член 114 став 1 алинеја 2 од ЗЈН.

Се задолжува Комисијата за јавни набавки во рок од 3 (три) дена од донесувањето на одлуката да ги извести понудувачите за Одлуката за поништување на постапката за јавна набавка и да достави копија од предметната Одлука во прилог на известувањето.

**Правна заштита**

Жалбата се изјавува во рок од **пет дена** од денот на приемот на одлуката за избор за најповолна понуда до Државната комисија за жалби по јавни набавки. Жалбата се изјавува до Државна комисија за жалби во електронска форма, а се доставува истовремено до Државна комисија и до договорниот орган преку ЕСЈН.

Генерален директор
Sheval Ceku

**Доставено до:**
Сектор за економско-финансиски работи и информатика
Комисија за јавни набавки – Кире Бузлиев
Архива

Изготвил: Анета Тодоровска
Одобрил: Аријана Раман Пом директор за финансии